ЛИКОВЕН ЕСЕЈ

# СВЕТЛОСЕН ТРИПТИХ

***- Дело на Борис Шемов, ФЛУ - Скопје 1997. Дипломиран сликар, со специјалност - рачна изработка на хартија. Досега има остварено повеќе групни и една самостојна изложба (Урбан проект, јуни 1998), неколку студиски патувања а учествувал и на неколку меѓународни колонии. Добитник е на наградата на СИАБ за 1997 г.***



„ЕДНА ТРЕПЕРЛИВА СВЕТЛИНА одвај сјае како многу мала точка изгубена во енормниот круг на црното. Оваа слаба светлина е само претчувство што душата нема храброст да го сочува, таа се прашува дали не е тоа СВЕТЛИНАТА ШТО Е СОН, а црното - стварност.“ (Според Василиј Кандински - *За духовното во уметноста*)

- ПРИНЦИП НА ДИСТОРЗИЈА И ДИСПЕРЗИЈА НА СВЕТЛИНАТА: Делото е создадено преку оптички сензации што ги создава светлината. Таа е отсонувана, па реализирана во стварноста со експериментирање врз дигитално обработена фотографија. Елементарноста на фрагментот (земен од реалноста) се губи во транспарентната треперливост на светлосните зраци. Зраците создаваат видлив контраст меѓу светло и темно. Воедно се случува и нивна дисторзија, проследена со снопови „нереални“ бои на виножитото. Дисперзијата на светлината преку светлосна призма ги видоизменува боите но и формите. Доведувањето до непрепознатливост на формите се среќава и претходно кај Борис (малку поразлично, во Урбан проект). Целосниот визуелен впечаток се претвора во слободни ментални асоцијации, кои се секогаш различни. Длабочината, или поточно просторната димензија (повторно) е резултат на оптичка илузија.

- СЛИКА ЗА ТРИПТИХОТ: Отстапките (повеќе намерни отколку случајни) од класичната форма на триптихот се видливи преку асиметријата на неговите составни делови (фрагменти). Преминот од еден фрагмент во друг е одвај видлив, најверојатно поради постоењето на флуидноста, која се подигрува со претопувањето. Во тоа игра улога и нивната „последователна“ поврзаност поради што с„е има ефект на една компактна целина. Се чини дека треперливата светлина - сон навлегува во сферата на духовното, а триптихот (вид на религиозна средновековна слика), во овој случај, може да претставува метафора за сакралната слика на секој човек.

Маја ЧАНКУЛОВСКА